РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
УП 1 бр. 08-243
12.07.2023 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 39 ставови 2 и 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), постапувајќи по Иницијативата за одземање на дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, арх.бр.03-2640/1 од 27.06.2023 г., а согласно Заклучокот арх.бр.02-2749/3 од 12.07.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 22-та седница одржана на 11.07.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за отфрлање на Иницијатива за одземање на дозвола за телевизиско емитување, арх.бр.03-2640/1 од 27.06.2023 г.**

1. СЕ ОТФРЛА Иницијативата, арх.бр.03-2640/1 од 27.06.2023 г. за одземање на дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, поради тоа што е нејасна и нецелосна, односно не содржи податоци врз основа на кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да утврди дали има законски основ за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје и поради тоа што иницијативата е доставена како анонимна пријава и нема можност да се извести подносителот да ги отстрани недостатоците во истата.

2. Решението се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 27.06.2023 г. од анонимен подносител доставена е Иницијатива, арх.бр.03-2640/1 од 27.06.2023 г. за одземање на дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) АЛСАТ - М ДОО Скопје (во понатамошниот текст: Иницијатива), кој е имател на дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-2 од 05.01.2015 г., за емитување преку дигитален терестријален мултиплекс, на државно ниво, на територија на Република Северна Македонија, телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик и македонски јазик.

По приемот, Агенцијата пристапи кон разгледување на Иницијативата, меѓутоа се утврди дека до линковите приложени како докази во истата, не може да се пристапи (увид во електронскиот запис од неуспешен обид за пристап до линковите во Иницијативата – Прилог бр.1 кон ова Решение), така што Агенцијата е оневозможена да направи увид во нивната содржина и да ја испита основаноста на наводите содржани во Иницијативата.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Согласно член 39 став 2 од Законот за општата управна постапка – ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), поднесокот треба да биде доволно јасен за да му овозможи на јавниот орган да го преземе бараното дејствие.

Во член 39 став 3 од ЗОУП, пропишано е дека ако поднесокот е нецелосен или нејасен, јавниот орган ќе се обрати до подносителот и ќе определи рок од 15 дена за дополнително појаснување, ако подносителот ги отстрани недостатоците во определениот рок, ќе се смета дека поднесокот бил од почеток доволно јасен. Ако подносителот не одговори во определениот рок, барањето ќе биде отфрлено со управен акт во рок од дополнителни 7 дена, против кој е дозволена жалба.

Со оглед дека Иницијативата е нејасна и нецелосна, односно не содржи податоци врз основа на кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да утврди дали има законски основ за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје и поради тоа што иницијативата е доставена како анонимна пријава, нема можност да се извести подносителот да ги отстрани недостатоците во истата.

Следствено на напреднаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 39 ставови 2 и 3 од Законот за општата управна постапка, постапувајќи по Иницијативата за одземање на дозвола за телевизиско емитување на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, арх.бр.03-2640/1 од 27.06.2023 г., а согласно Заклучокот арх.бр.02-2749/3 од 12.07.2023 година, Советот на Агенцијата, на 22-та седница одржана на 11.07.2023 г. донесе решение како во диспозитивот. Решението е конечно, а против истото може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговата објава на веб страницата на Агенцијата. Решението ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

Прилог: (1)

- Електронски запис од неуспешен обид за пристап до линковите содржани како докази во Иницијативата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на неговата објава на веб страницата на Агенцијата.

**Примерок од Решението да се достави до:**
- Директор на Агенцијата;
- Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – Архива на Агенцијата и
- Назначените лица за водење на Уписникот (Уп1).

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Прилог бр. 1

Recent activity

Search | Chat

More Creative | More Balanced | More Precise

Searching for:
https://www.bing.com/ck/a?!&&p=1cf51dafbae76e23JmltdHM9MTY4NzczNzYwMCZpZ3VpZD0zNTkzMTIwYi0xYTgzLTZkMDktMDk2YS0wMTM3MWJiMjZjZTYmaW5zaWQ9NTI5MQ&ptn=3&hsh=3&fclid=35911 20b-1a83-6d21-096a- 01371bb26ce6&psq=%d0%b2%d0%b5%d0%b2%d0%b3+%d0%b3%d1%80%d1%83%d0%bf&u=a1aHR0cHM6Ly9hbHNhdC5tay9tay9taWS5pc3RlcnN0dm90by16YSImaWShbnNpaS1th2xjaGktemEtYmFyYWS5IcG8tmEtYWxzYXQtaS1uYS1rb21wYW5pamFOYS127XZlLWdydXAv&ntb=1

Generating answers for you...

I'm sorry but I'm unable to access the link you provided. Can you please provide more information about what you are looking for?

New topic

Ask me anything...